00

# Запознајте го нашиот проект

Стратешкото партнерство „Innovative Digital Education Approach – IDEA" има за цел да го подобри квалитетот на образовниот процес во училиштата низ Европа, во однос на развојот на нови иновативни методологии за креирање дигитални часови, подобрување на дигиталните вештини на кадарот, и создавање интерактивни и инклузивни лекции за учениците.

За да го направат ова, партнерите ќе ги подобрат вештините на наставниците/едукаторите за работа со новите методи онлајн. Тие ќе развијат комбинација од методологија и дигитални алатки за потребите на наставниците. Избравме да развиеме нова методологија за онлајн/дигитални лекции намерно, бидејќи во нашето претходно искуство, веруваме дека се поефективни, поуспешни и попопуларни од онлајн лекциите засновани на еднострани предавања со презентација.

## Што сакаме да постигнеме?

Оваа методологија ќе им помогне на учениците да се поврзат, да бидат интерактивни, поактивни и покреативни за време на часовите, и е силна алатка во моменти кога визуелната/дигиталната комуникација е многу важна, особено меѓу младите. Ќе го користиме „нивниот јазик" за да ги мотивираме.

Главната цел на проектот е развивањето на нова и иновативна методологија и алатки (алатник и веб-сајт), засновани на иновативни практики, и конкретни лекции за наставниците по стручни предмети засновани на овие дигитални алатки и методи кои можат да се изведуваат онлајн. Дополнително, сакаме:

- да ги подобриме фасилитаторските вештини кај наставниците, со адаптирање на успешни методи за онлајн примена;
- да ја подобриме конекцијата помеѓу наставниците и учениците;
- да им помогнеме на учениците да добијат креативно расположение преку визуелна стимулација, игри, тимска работа и активно учество.

## Зошто ова партнерство?

Факт е дека во 2020 година светот влезе во една од најголемите кризни ситуации во последно време, односно пандемијата Ковид-19. Училиштата ширум светот не беа подготвени за тоа. Ова драстично влијаеше врз наставниците и учениците на многу различни негативни начини: економски, психички, физички и социјално. Учениците во овој период на изолации, полициски часови, ограничувања итн. имаа многу задачи, за кои не беа соодветно подготвени и не можеа да ги завршат продуктивно и успешно. Поради ова, нивниот процес на учење беше засегнат - тој се намалуваше и/или стагнираше. Тоа влијаеше и на нивната социјална интеракција. Ние како партнери во овој проект, сите активни во сферата на образованието (формално и неформално), целосно го поддржавме овој заклучок.

## Активности и финални резултати

Со проектот беа спроведени 3 физибилити студии во секое училиште-учесник, 6 транснационални состаноци, 1 обука за учење, 1 настан-мултипликатор, дизајнирање на дигитален алатник и креирање на веб-сајт.

Финалните резултати од проектот се следните:

- IO1: Истражување и анализа на моменталната ситуација околу дигиталната подготвеност на стручните училишта и создавање на културно-сензитивен метод за учење и предавање на

далечина;

- IO2: Иновативна методологија за учење на далечина;
- IO3 – IO5: Физибилити студии и тестирање на новата методологија во стручните училишта во Северна Македонија, Романија и Португалија, како основа за развојот и финализирањето на алатникот и веб-сајтот;
- IO6: Дигитален алатник;
- IO7: Веб-сајт, кој ќњ служи како портал/база на податоци за сите едукатори во Европа.

Алатникот содржи иновативни алатки и методи за наставниците, кои ќе им овозможат да бидат подготвени да создадат лекции за учење на далечина. Овие алатки и методи може да се користат за различни фази од часот: вовед, тим-билдинг, главен дел, затворање, дискутирање, како и евалуација и оценување. Веб-сајтот содржи линкови за преземање на истражувањето, методологијата, алатките, извештаите од студиите, чекор-по-чекор инструкции за тоа како да се создаде лекција онлајн.

Овие резултати се бесплатни за користење, лесно достапни за секој заинтересиран наставник/едукатор. Алатките се лесно разбирливи, прифатливи за користење и интуитивни, така што можат да бидат корисни за секој наставник без оглед на искуството.

Проектот ќе има конкретно влијание на повеќе нивоа, и тоа: на наставниците-учесници, на организациите вклучени во проектот, генерално на образовниот систем во овие времиња, и учениците кои треба да присуствуваат на часовите.

## Таргет групи

Нашите таргет групи се следните:

- примарна: наставници, едукатори, вработени во стручни училишта;
- секундарна: ученици во стручни училишта и останати наставници/едукатори.

Наставниците ќе станат покомпетентни за учење на далечина, со подобрена дигитална писменост, ќе стекнуваат драгоцено искуство работејќи со ученици оналјн и нивните алатници ќе бидат збогатени. Така, предвидуваме дека по проектот примарната целна група ќе:

- научат нова методологија и активности кои можат да се применат онлајн во нивните земји за поддршка на учениците во образовниот процес;
- имаат практично искуство во користење на дигитални алатки во својата работа за стимулирање на креативност, ангажираност, ефикасност;
- ги споделуваат своите и ќе ги запознаат ситуациите и искуствата на другите наставници/едукатори од цела Европа;
- ги подобрат своите комуникациски вештини и стил на комуникација;
- станат порелаксирани и посигурни во работењето со дигитални алатки за учење на далечина и олеснување на онлајн часовите;
- го подобрат односот кон воспитно-образовните активности;
- развијат нови наставни стратегии;
- се запознаат повеќе со програмата Еразмус+ и управувањето со проекти;
- стекнат практично искуство.

Посакуваното влијание врз учениците од сите партнерски училишта се состои од:

- зголемување на мотивацијата и ангажираноста при процесот на учење, и развој на ефикасни техники за учење;
- усвојување иновативни дигитални алатки во нивната секојдневна работа и живот;
- развој на когнитивни вештини кои можат да го поддржат учеството во училиштето и поактивно вклучување во сопственото учење;
- развој на трансверзални клучни компетенции, кои се важни од перспектива на интегриран личен развој кај учениците (јазични вештини, учење преку учење итн.);
- ефикасна училишна и професионална ориентација која одговара и на потребите и на интересите на учениците.

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

**Информации за проектот**
Назив и скратеница: Innovative Digital Education Approach - IDEA
Референтен број: 2020-1-MK01-KA226-VET-094564
Клучна акција: Cooperation for innovation and the exchange of good practices
Апликант: Средно општинско училиште „Ристе Ристески-Ричко", Прилеп

*Национална Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност*, ***Република Северна Македонија***

**Пишани придонеси**
Билјана Трајкоска
Цветанка Ѓорѓиоска
Ирена Пипиџаноска
Христијан Јордански
Марјан Наумоски
Андреј Џопа
Христијан Пусоски
Зоран Трпкоски
Весна Абрашоска Спасеска
Анета Оропан
Anna Stefanowicz-Kocoł
Aneta Grochowska
Dariusz Dudzik
Simona - Florentina Stoica
Adina - Elena Bîrsan
Mihaela Căpățână
Carmen Cojocaru
Eleny Cojocaru
Angelica Maria Valls
Maria Rosario Navarro
Nuno Almeida Ribeiro

**Визуелен идентитет**
Христијан Јорданоски

**Дизајн и визуелизации**
Христијан Пусоски

**Партнери (Официјални регистрирани називи)**
• Северна Македонија: Sredno opshtinsko uchilishte RISTE RISTESKI - RICHKO Prilep
Youth Association Info front - Prilep
• Полска: PANSTWOWA WYZSZA SZKOLA ZAWODOWA W TARNOWIE
• Романија: Colegiul Economic “Virgil Madgearu” Galati
• Португалија: CEPROF - CENTROS ESCOLARES DE ENSINO PROFISSIONAL LDA
• Шпанија: Associació Educativa i Cultural Blue Beehive

**Дистрибуција**
Оваа публикација (алатник) е дистрибуирана и во печатен (ограничен број на копии) и во дигитален формат. Го претставува шестиот интелектуален резултат од проектот.

**Белешка & лиценца**
Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација (алатник) не претставува одобрување на содржината која ги одразува ставовите само на авторите, и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во публикацијата.

Лиценцирано под Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International (CC BY-NC-SA 4.0).